Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 23 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јуни 2021 година**

Седницата започна во 17:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Калинка Габер, државен секретар во Секератаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Сања Томовска, заменик нотар.

Од седницата отсуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика,

м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за изменување на Законот за животна средина, по скратена постапка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација во врска со реализацијата на проектот „Изградба на новиот објект на Турски театар – Скопје“

5. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс 2 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог - одлуки

6. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување на средствата за финасирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за животната средина, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар

во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

<u>Точка 2</u>

Владата го избра Андреј Крстевски за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

<u>Точка 3</u>

**1.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**2.** Владата на предлог на доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, заклучи да се дозволи служење на пијалоци во внатрешноста на обложувалниците.

Согласно ова, Владата донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**3.** Во насока на намалување на загадувањето предизвикано од издувните гасови на моторните возила во нашата држава Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваа сите органи на државната управа, а се препорачува на сите општини во иднина при потреба од набавка на возила да не купуваат возила кои користат дизел горива.

2) Се задолжува Царинската управа да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација со компаративна анализа на увозните давачки при набавка на електрични и хибридни возила (еколошки возила), споредено со увозните давачки при набавка на стандардни возила (дизел, бензин).

3) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација со компаративна анализа на степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на електрични и хибридни возила (еколошки возила), споредено со степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на стандардни возила (дизел, бензин).

<u>Точка 4</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на новиот објект на Турски театар – Скопје“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програма 41 – Драмска дејност, ставка 482 – други градежни работи, во Разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата на Министерството за култура, за чие плаќање потребно е користење на буџетски средства во 2021 година, 2022 година и 2023 година на Министерството за култура и НУ Турски Театар Скопје за изградба на објектот на Турски театар - Скопје за фази кров и фасади и обезбедување на стручен надзор во вкупна вредност од 236.090.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 19.000.000,00 денари во 2021 година;
- 100.000.000,00 денари во 2022 година и
- 117.090.000,00 денари во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за култура да ги планира потребните финансиски средства во износ од 217.090.000,00 денари во буџетскиот циркулар за 2022 година и 2023 година, а Министерството за финансии да ги одобри.

3. Се задолжува НУ Турски театар - Скопје, да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи според доставениот предмер пресметка од фазите –фасади и кровови на објектот, за изведба на Турски театар Скопје, доставен до Министерството за култура со допис бр.03-102/1 од 26.5.2021 година.

## Точка 5

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс 2 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог – одлуки го прифати Барањето и ги донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје и Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во предложените текстови.

## Точка 6

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Советот за рамномерен регионален развој на наредната седница на Советот да донесе Одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година со оглед на тоа дека е направена техничка грешка во претходно донесената Одлука на Советот за рамномерен регионален развој.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:30 часот.

| | |
|---|---|
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |